# Цветков Венко
## слики и графики



Дом на младите „25 Мај“, Скопје, галерија
Дом на младите, Штип, Изложбен простор
ноември/декември 1984

## ЦВЕТКОВ ВЕНКО

Роден 1955 година во Штип. Завршил Ликовна академија во Љубљана 1983. Покрај сликарството се бави со амбијентални интервенции и видео-арт.

„... Во историјата на сознавањето самиот субјект на осознавањето е момент на „предметот на осознавањето". Затоа осознавањето го менува самиот предмет на осознавањето — или обратно, „погрешно" идеолошко осознавање не е можно да се прекине така што ќе го соочиме „со правата состојба на стварите" со тоа како е во реалноста, бидејќи „погрешната идеолошка искривеност" на таквото осознавање води потекло од отуѓеноста, искривеноста на самата реалност. Погрешната свест е „правилна" свест на погрешната, отуѓената стварност".

(„Идеологија и естетски ефект" — Алтизер)

## НОВА ДОКУМЕНТАРНА СЛИКА

Во историско-политичкиот момент, момент на идеологија на индустриската продукција и транс-историските хуманистички идеали, сликата, знакот, заземаат свое значајно место и улога во информаторскиот клуч на друштвената стварност.
Појавата на „нова документарна слика" е нужен резултат на продукцијските односи кои го пораѓаат естетскиот критички разум. Делувајќи на емотивно манипулативна база, сликата како визуелна информација ги сублимира напнатоста и дисхармонијата кои го формираат експресивниот јазички модел на изразување. Новата документарна слика ги задржува а со тоа и критички глорифицира сите карактеристики на традиционалното сликарство презентирање во кои рамки му е овозможено на субјектот стапување во идеален однос кон естетската галериска презентација на уметничкиот предмет — производ.
Во основите на современите друштвени односи, односи, односи на тоталитаристички идеологии на индустриската продукција, новата документарна слика ги користи и ги документира односно критички обработува естетските продукти на тие односи.

Цветков Венко